# ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2015 ГОДИНА



## 1. ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Стварната надлежност на Врховниот суд на Република Македонија, е регулирана во Законот за судовите, каде е предвидено дека Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Врховниот суд ја остварува во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и специјализиран совет во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот.

Својата надлежност за воедначување на судската пракса, Врховниот суд ја остварува на Општа седница преку утврдување на начелни ставови и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Врховниот суд. Исто така, воедначувањето на судската пракса се реализира и следи и преку Одделот за судска пракса.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори.

Судиите на Врховниот суд на Република Македонија во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања,

Остварувајќи ја законски утврдената обврска во текот на 2015 година судиите на Врховниот суд на Република Македонија учествувале во телата на Академијата за судии и јавни обвинители како едукатори и како учесници во континуираната едукација.

Во рамките на Врховниот суд на Република Македонија функционира и Работно тело за стандардизација на постапките во судовите.

Во Врховниот суд на Република Македонија согласно Законот за судска служба функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административна поддршка на Советот.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во одделите и специјализираниот совет дадени подолу во текстот од Годишниот извештај на Судот.

Во Годишниот извештај за 2015 година прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## 2. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Врховниот суд на Република Македонија во **2015** година постапувал по вкупно **4.519** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот. Останати нерешени предмети од претходната година биле **1635,** а новопримени биле **2892** од кои во текот на годината биле решени **2721** предмет, а останале нерешени **1798** предмети.

## 3. СУДСКА УПРАВА

Предмети од судска управа во **2015** година вкупно биле во работа **2.326** предмети, од кои **73** нерешени од претходната година, и **2.254** новопримени предмети. Во текот на годината решени се сите **2.326** предмети.

Во судска управа се и предметите по слободен пристап до информации од јавен карактер. Во текот на годината имало вкупно во работа **13** предмети, решени се **11,** а останати нерешени **2** предмети кои се примени во судот на крајот на месец декември 2015 година.

Во текот на **2015** година до Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, се доставени вкупно **360** поднесоци заведени во уписникот **УПП** - Уписник за претставки и предлози.

Од вкупно доставените **360** поднесоци, заведени уписникот **УПП**, **137** се барања за побрзо решавање на предмети, а **223** се разни други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **137** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил **25**, одбил **50**, додека пак за останатите се добиени податоци дека

предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот апелационен суд.

Од вкупно доставените поднесоци заведени во уписникот **УПП**, евидентирани се **21** поднесок на Народниот правобранител, **3** поднесоци на Министерството за правда и **4** поднесоци на Судскиот совет на Република Македонија, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и други податоци по конкретен предмет. По истите е постапувано во законски предвидените рокови, согласно Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

**Су-ИЗЗ**

-вкупен број на поднесени барања за изземање; 61 + 1 погрешно заведен
-број на поднесени барања од странки за изземање на судија;-
-број на поднесени барања од судија за иземање на судија;56
-број на поднесени барања од странки за изземање на претседателот на судот;5
-број на барања за изземање поднесени од преседател на судот до претседател на непосредно повисок суд;1.

## 4. ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 4.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во 2015 година имал во работа вкупно **1024** предмети. Од нив **816** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **208** предмети. Во текот на годината, советите решиле **683** предмет, а на крајот на годината останале нерешени **341** предмети по сите основи.

#### 4.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 270 предмети, е следна:

**ГЛАВА XIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ТЕЛОТО**

- 39 предмети за кривично дело – Убиство **- член 123**;
- 3 предмети за кривично дело – Убиство на миг – **член 125**;
- 5 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
- 16 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
- 1 предмет за кривично дело – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница – **член 133**;
- 1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка– **член 132**

**ГЛАВА XV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДАТА И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

- 4 предмети за кривично дело – Противправно лишување од слобода – **член 140**;
- 3 предмети за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
- 8 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144**;
- 1 предмет за кривично дело – Повреда на авторско право и сродни права – **член 157**
- 2 предмети за кривично дело – Присилба – **член 139**

**ГЛАВА XIX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПОЛОВАТА СЛОБОДА И ПОЛОВИОТ МОРАЛ**

- 2 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
- 2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
- 10 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
- 2 предмети за кривично дело – Задоволување на полови страсти пред друг – **член 190**;
- 1 предмети за кривично дело – Посредување во вршење проституција – **член 191**;
- 1 предмет за кривично дело – Прикажување на порнографски материјал на малолетник – **член 193**
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189**
- 1 предмет за кривично дело – Производство и дистрибуција на детска порнографија преку компјутерски систем – **член 193а**
- 2 предмети за кривично дело – Родоскврнавење – **член 194**

**ГЛАВА XX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БРАКОТ, СЕМЕЈСТВОТО И МЛАДИНАТА**

- 1 предмет за кривично дело – Запуштање и малтретирање на малолетно лице – **член 201**;
- 1 предмет за кривично дело – Одземање малолетник;
- 5 предмети за кривично дело – Неплаќање издршка – **член 202**;

**ГЛАВА XXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО**

- 87 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
- 3 предмети за кривично дело – Овозможување на употреба наркотични дроги – **член 216**;
- 1 предмет за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето – **член 217;**

**ГЛАВА XXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**

- 1 предмет за кривично дело – Незаконита експлоатација на минерални суровини – **член 225-а**;

**ГЛАВА XXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ**

- 9 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
- 60 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
- 24 предмети за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
- 3 предмети за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238**;
- 2 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
- 1 предмет за кривично дело – Одземање на туѓи предмети – **член 241**;
- 29 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
- 1 предмет за кривично дело – Измама при добивање на кредит или друга поволност – **член 249;**
- 3 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем – **член 251**;
- 4 предмети за кривично дело – Изнуда – **член 258**;

- 1 предмет за кривично дело – Уцена – **член 259**;
- 2 предмет за кривично дело – Прикривање – **член 261**;
- 1 предмет за кривично дело – Злоупотреба на довербата – **член 252;**
- 3 предмети за кривично дело – Лихварство – **член 260**;
- 1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи предмети – **член 243**;
- 1 предмет за кривично дело – Одземање моторно возило –**член 242;**

**ГЛАВА XXV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО

- 1 предмет за кривично дело - Фалсификување пари – **член 268**;
- 5 предмети за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело – **член 273**;
- 5 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;
- 2 предмети за кривично дело – Царинска измама – **член 278-а**;
- 7 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;

**ГЛАВА XXVI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ОПШТАТА СИГУРНОСТ НА ЛУЃЕТО И ИМОТОТ**

- 4 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
- 5 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;
- 1 предмет за кривично дело – Уништување или оштетување на јавни инсталации – **член 291**

**ГЛАВА XXVII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ БЕЗБЕДНОСТА НА ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 3 предмети за кривично дело – Загрозување на безбедноста на сообраќајот – **член 297**;
- 24 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;

**ГЛАВА XXVIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ДРЖАВАТА**

- 2 предмети за кривично дело – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста – **член 313;**
- 3 предмети за кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации – **член 322а**

**ГЛАВА XXX ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ**

- 31 предмет за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување - **член 353**;
- 1 предмет за кривично дело – Примање поткуп – **член 357**;
- 1 предмет за кривично дело – Фалсификување на службена исправа – **член 361**;
- 2 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353в**

**ГЛАВА XXXI ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО**

- 2 предмети за кривично дело – Незаконито влијание врз сведоци – **член 368-а;**
- 3 предмети за кривично дело – Неизвршување на судска одлука – **член 377**
- 1 предмет за кривично дело – Помагање на сторител по извршено кривично дело – **член 365**
- 1 предмет за кривично дело – Овозможување бегство на лице лишено од слобода – **член 372**

**ГЛАВА XXXII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ**

- 11 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
- 1 предмет за кривично дело – Посебни случаи за фалсификување исправи – **член 379**

**ГЛАВА XXXIII ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**

**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД**

- 4 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
- 4 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
- 1 предмет за кривично дело – Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие – **член 384**;
- 23 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
- 3 предмети за кривично дело – Самовластие – **член 392**;
- 39 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
- 32 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**ГЛАВА XXXIV ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК**
**КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО**

- 15 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
- 9 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
- 4 предмети за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д**;
- 4 предмети за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г**;

Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – **КР** е следна:

- 46 предмети – **Прекршок од ЗБСП** ;
- 3 предмети – **Прекршок од Закон за јавен ред и мир**;
- 11 предмети – **Прекршок од Закон за шуми;**
- 5 предмети – **Прекршок од Закон за јавни патишта**;
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за рибарство и аквакултура**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за комунални дејности**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за трговија**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за метеорологија**
- 1 предмет – **Прекршок од Закон за игрите на среќа и забавните игри**
- 2 предмети – **Прекршок од Закон за заштита од пушењето**
- 2 предмети – **Прекршок од Закон за возила**

### 4.1.2.Начин на одлучување

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2015 година е даден во Табела 1.

**Табела 1**

| вид на предмети | Останати од XII месец 2014 | Дојдени во 2015 | Вкупно во работа | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | - | 48 | 48 | 48 | - |
| ВКЖ2 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| КВП1 | 95 | 253 | 348 | 198 | 150 |
| КВП2 | 40 | 79 | 119 | 50 | 69 |
| Квп-КОК1-Квп | 5 | 8 | 13 | 8 | 5 |
| Квп-КОК2-Квп | 17 | 28 | 45 | 14 | 31 |
| ВУК | 31 | 259 | 290 | 261 | 29 |
| КЗЗ | 14 | 65 | 79 | 38 | 41 |
| КР | 4 | 74 | 78 | 64 | 14 |
| ВКУПНО | **208** | **816** | **1024** | **683** | **341** |

Остатокот од вкупно нерешени предмети на крајот на 2015 година, воглавно се должи на фактот што најголем број од истите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, **поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Македонија.**

**Воедно, од месец Октомври 2014 година со заминување во пензија на еден судијата Одделот во својот состав брои еден судија помалку. Оваа околност е една од релевантните причини и оправдано и очекувано влијае на нарушување на принципот на ажурност.**

Судиите од Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија во 2015 година решиле вкупно 198 **КВП1** предмети, **КВП2** 50 предмети, **Квп.КОК1** 8 предмети, **Квп.КОК2** 14 предмети, така што вкупно **КВП, КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** се **270** предмети.

Од вкупно решени 270 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

| | **со 1 лице** | **со 2 лица** | **со 3 лица** | **со 4 лица** | **со 5 лица** | **со 6 лица** | **со 7 лица** | **со 9 лица** | **со 18 лица** | **со 55 лица** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КВП1 | 164 | 26 | 4 | 3 | - | 1 | - | - | - | - | **198** |
| КВП2 | 41 | 5 | 2 | 1 | 1 | - | - | - | - | - | **50** |
| КВП - КОК1 | 4 | 1 | - | - | - | - | 1 | 1 | 1 | - | **8** |
| КВП - КОК2 | 5 | 3 | - | 4 | 1 | - | - | - | - | 1 | **14** |
| ВКУПНО | **214** | **35** | **6** | **8** | **2** | **1** | **1** | **1** | **1** | **1** | **270** |

Од вкупно решените 270 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП, КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во Табела 2.

**Табела 2**

<table>
<tr><th rowspan="2">судови</th><th colspan="2">КВП, КВП1, КВП2</th><th colspan="2">КВП-КОК1</th><th colspan="2">КВП-КОК2</th></tr>
<tr><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th><th>решени</th><th>нерешени</th></tr>
<tr><td>Апелационен суд Скопје</td><td>158</td><td>163</td><td>8</td><td>5</td><td>14</td><td>31</td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Битола</td><td>39</td><td>37</td><td>-</td><td>-</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Штип</td><td>29</td><td>27</td><td>-</td><td>-</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Апелационен суд Гостивар</td><td>44</td><td>28</td><td>-</td><td>-</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">ВКУПНО</td><td rowspan="2">248</td><td rowspan="2">219</td><td>8</td><td>5</td><td>14</td><td>31</td></tr>
<tr><td colspan="2">13</td><td colspan="2">45</td></tr>
</table>

## V. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ОДБИЕНИ, УВАЖЕНИ, ПРЕИНАЧЕНИ И ОТФРЛЕНИ БАРАЊА ПО СИТЕ ОСНОВИ

Состојбата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела, е прикажана во Табела бр. 3.

**Табела 3**

| вид на предмети | Одбиени | Уважени | На друг начин | Отфрлени | решени | нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКЖ1 | 36 | 11 | 1 | - | 48 | - |
| ВКЖ2 | 1 | - | - | 1 | 2 | 2 |
| КВП1 | 133 | 11 | - | 54 | 198 | 150 |
| КВП2 | 39 | 6 | - | 5 | 50 | 69 |
| ВУК | 223 | 34 | - | 4 | 261 | 29 |
| КЗЗ | 4 | 33 | - | 1 | 38 | 41 |
| КР | 4 | 5 | 34 | 21 | 64 | 14 |
| Квп.КОК1.Квп | 6 | 2 | - | - | 8 | 5 |
| Квп.КОК2.Квп | 13 | 1 | - | - | 14 | 31 |
| ВКУПНО | 459 | 103 | 35 | 86 | 683 | 341 |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е следна :Од вкупно решените 38 барања, одбиени се 4 како неосновани. Од уважените: во 3 предмети е укината само првостепена пресуда, во 1 предмет е укината само второстепена пресуда, во 14 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 11 предмети е

констатирана повреда на КЗ, ослободителни пресудии нема, во 4 предмети е преиначена одлуката, а во 1 предмет е отфрлено барањето, а нерешени предмети останале вкупно 41.

По апелациони подрачја биле: 48 предмети од Апелациониот суд Скопје, 5 предмети од Апелациониот суд Битола, 9 предмети од Апелациониот суд Штип и 17 предмети од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало 25 предмети, со 2 лица 10 предмети, со 3 лица 2 предмети, со 4 лица 1 предмет.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен - **ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна: Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2015 година се 48 предмети, во 36 предмет жалбата е одбиена како неоснована, во 11 предмети се преиначени одлуките, а на друг начин е решен 1 предмет, според што се решени сите 48 предмети. По жалба по пресуди во трет степен примени се 2 предмети, од кои 1 предмет е одбиен и 1 предмет е отфрлен.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:Од 2014 година останале нерешени 31 предмети, новопримени во 2015 година се 259 предмети, вкупно во работа биле 290 предмети од кои решени се 261 предмет, а останале нерешени 29 предмет. По видот на одлуката: 223 предмети се одбиени, 34 уважени и 4 предмети отфрлени.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2014 година останале нерешени 4 предмети, новопримени во 2015 година се 74 предмети, вкупно во работа биле 78 предмети, од кои решени се 64 предмети, а останале нерешени 14 предмети. По видот на одлуката : 4 предмети се одбиени, 5 предмети се уважени, 34 предмети се решени на друг начин, 21 предмети се отфрлени, а останале нерешени 4 предмети.

**4.1.3.Траење на постапката**

Во однос на времетраење на постапката, може да се констатира дека во 2015 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки,

кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала.

**Седници на Одделот за казниви дела**

Одделот за казниви дела во текот на 2015 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали и информации од Министерството за правда и други институции, како и по правни прашања поднесени од основните и апелационите судови по кои беа утврдени ставови и донесени заклучоци и правни мислења.

**На ден 21.01.2015 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела на која беше донесено следното:

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

**Одредбата од член 206 став 2 од Законот за кривичната постапка ("Службен весник на РМ" бр.150/10 и 100/12), во која е предвидена обврска изјавата на обвинетиот за откажувањето од некое од правата од член 206 став 1 да биде потпишана од него, не се однесува и на испитувањето на обвинетиот на главна расправа.**

**На ден 26.02.2015 година,** беше одржана седница на Одделот за казниви дела на која беше разгледан усвоен Годишниот извештај за работа на Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија за 2014 година.

По одржани седници на Одделот за казниви дела, по поднесени иницијативи за донесување на правно мислење, донесени се **(3) три заклучоци** со кои е констатирано дека нема услови за донесување на правно мислење.

На седницата на Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија одржана **на ден 20.10.2015 година,** беше разгледан и усвоен Годишниот извештај за работа на Државниот совет за превенција на детско престапништво, за состојбите за правата на детето за 2014 година.

## 4.2 ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Од бројчаните показатели **за 2015** година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **2.682** предмети, од кои **1.231** нерешени предмети останати од 2014 година, а новодојдени предмети се **1.451**. Во споредба со 2014 година кога биле примени **1.691** предмети, приливот на нови предмети во 2015 година бил намален за **240** предмети.

Во извештајната година решени се **1.440 предмети**, а нерешени предмети останале **1.242**. Споредено со 2014 година кога се решени **1.924** предмети, во извештајната година решени се **484** предмети помалку.

Споредено со 2014 година, кога останале 1.231 нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2015 година изнесува 1242, и е зголемен за **11** предмети.

Во 2015 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети бил речиси совладан, односно во 2015 година примени се вкупно 1451 предмети а решение се вкупно 1440 предмети, со што заостатокот бил зголемен за **11** предмети.

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и покрај тоа што во Одделот за граѓански дела бројот на судиите беше намален во однос на претходната 2014 година, одделни судии и виши судски соработници постапувале по предмети и од друга материја, а еден од судиите во овој оддел подолг период е отсутен поради боледување.

# III.НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ

### 1.Постапка по ревизија

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **2.682** кои биле во работа во 2015 година по ревизија биле **2.477** предмети, односно **92,35%** од

вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.248** предмети, односно **51%.**

Од решените **1.248** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **726** односно **58,17%**, преправени **108** односно 8**,65 %**, укинати **146** односно **11,69%**, отфрлени **301** односно **24,11%** и на друг начин решени се **159** односно 12,7 **%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%,** во 2012 година година **47,6%,** во 2013 година **58,70%,** во 2014 година **58,30**% и во 2015 58,17%. Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2015 година, споредбено со претходната година, е речиси ист.

Состојбата кај апелационите судови по однос на одбиените ревизии во 2015 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје,** од вкупно **870** решени ревизии, **443** ревизии биле одбиени како неосновани или 50,**91 %**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **265** предмети, **130** ревизии биле одбиени како неосновани или 49,**05%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **122** предмети, **64** ревизии биле одбиени како неосновани или **52,45%**,
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **170** предмети, **86** ревизии биле одбиени како неосновани или **50,58%**;

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49 одлуки** или **4,4%**, во 2004 година **31** или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%,** во 2012 година **66** или **4,6%,** во 2013 година **118** или **6,33%,** во 2014 година **117** или **6,47% и во 2015 година 108 или 7,5%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е зголемено за околу 1% споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со преиначени одлуки во 2015 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **870** решени ревизии,
биле преиначени 63 или **7,24**%**;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно 265 решени ревизии,
биле преиначени **21** или **7,92%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **122** решени ревизии,
преиначени се **13** ревизии или 10,65**%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **170** решени ревизии,
преиначени се **8** ревизии или 4,70**%.**

Состојбата на апелационите судови по однос на усвоени ревизии со укинати одлуки во 2015 година изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **870** предмети,
**86** се укинати или **9,88%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **265** предмети,
**22** се укинати или **8,30%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно 122 предмети,
**17** се укинати или **13,93%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **170** предмети,
**21** се укинати или **12,35%.**

**2.Останати постапки**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, од кои биле во работа вкупно **205** предмети и од овие решени се **192** предмети, или **93,65%**, а останале нерешени **13** или **6,34%**.

## IV. СТРУКТУРА НА ПРЕДМЕТИТЕ

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2015 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на надомест на штета **307** предмети или **24,59%,** потоа по основ долг **283** предмети или **19,07**%, за сопственост и владение 139 предмети или 11,13**%,** работни спорови 194 предмети или **15,54%,** за стечај **124** предмети или **9,93%,** поништување и раскинување на договор **131** предмети или 10,49**%,** други спорови **185** предмети или 14,82**% ,** за неосновано збогатување **37** или 2,96**%**, за развод на брак 16 предмети или **1,28%**, издршка 24 предмети или 1**,92%.**

Споредбено со претходната година, во 2015 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: по основот поништување

и раскинување на договор кој е процентуално зголемен, односно во 2014 година биле решени 149 предмети или 8,24% ,а во 2015 година 131 предмети или 10,49%, по основот работни спорови бројот на решени предмети процентуално е зголемен, односно во 2014 година биле решени 228 предмети односно 12,61%, а во 2015 година 194 предмети односно 15,54%, по основот сопственост и владение, бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во 2014 година биле решени 334 предмети или 18,47%, а во 2015 година 139 предмети односно 11,13%, по основот долг бројот процентуално е намален, односно во 2014 година биле решени 383 предмети или 21,18%, а во 2015 година 283 предмети односно 19,07%. По другите основи не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2014 година.

### V. ТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Во 2015 година од вкупно решени **1.440** предмети, траењето на постапката од **1 до 3 години** била кај 609 предмети, **од 8 месеци до 1 година** кај **487** предмети, **од 6 до 8 месеци** кај **9** предмети, **од 3 до 6 месеци** била кај **26** предмети, **од 2 до 3 месеци** кај **36** предмети, **од 1 до 2 месеци** кај **105** предмети, **до 1 месец** траела постапката кај **167** предмети. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди кон подобрување. Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, намалување на бројот на судиите во Одделот за граѓански дела поради непополнети судиски места, испразнети поради пензионирање и распоредување на судиите во работа во другите оддели, отсуство на еден судија од работа поради боледување речиси во текот на целата 2015 година, со очекување состојбата значително да се подобри во наредната година, со пополнување на испразнетите судиски места во Врховниот суд на Република Македонија.

### VI. Седници на Одделот за граѓански дела и останати активности

Во текот на 2015 година Одделот за граѓански дела, одржал 7 седници, од кои неколку седници поради обемноста на материјалот кој бил предмет на дневен ред, биле одржани во повеќе денови. На седниците се расправало за разни правни прашања кои произлегувале од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои биле утврдени повеќе правни мислења и заклучоци. Имено, во текот на 2015 година од судиите распоредени во Одделот за граѓански дела биле изготвени повеќе реферати по повод определени спорни правни прашања произлезени од предметите кои биле

предмет на одлучување како и реферати по повод определени спорни прашања доставени од апелационите судови. На првата седница на Одделот за граѓански дела во 2015 година, биле разгледани повеќе реферати изработени по повод спорни прашања во врска со примената на некои одредби од Законот за парничната постапка, доставени од апелационите судови. По повод рефератот на тема ,,Постапка по приговор против решение на нотар со кое се дозволува извршување,, биле утврдени 5 правни мислења, по повод рефератот на тема ,,Достава на писмена,, биле утврдени 2 правни мислења, по повод рефератот на тема ,, Трошоци на постапката,, беа утврдени 11 правни мислења, по повод рефератот на тема ,,Утврдување вредност на предметот на спорот,, биле утврдени 3 правни мислења, по повод рефератот ,,Обезбедување на докази,, било утврдено 1 правно мислење и по повод рефератот ,,Ревизијата како вонреден правен лек,, со посебен осврт на примена на член 372 став 4 и член 372 став 3 точка 6 од ЗПП, биле реафирмирани три правни мислења. Судиите кои ги изработиле рефератите учествувале на семинари за обука на судиите од цела територија на Република Македонија. Покрај наведените, Одделот за граѓански дела во текот на 2015 година расправал и по други реферати изработени од судиите во одделот, утврдил уште две правни мислења како и 5 сентенци.

### 4.3 ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

- Во текот на 2015 година, во Одделот во работа имало вкупно **801** предмети (во двата степени на одлучување), од кои
  **- 612** предмети или 76,40% во прв степен и
  **- 189** предмети или 23,60% во втор степен.
- Нерешени од претходниот извештаен период (во двата степени на одлучување) се вкупно **191** предмети или 23,84%; од кои
  - 173 предмети или 90,60 % во прв степен и
  - 18 предмети или 9,40 % во втор степен
- Новопримени се вкупно **610** предмети или 76,20% од кои
  - 439 предмети или 72 % во прв степен и
  - 171 предмети или 28 % во втор степен ;
- Во текот на 2015 година, во Одделот за судење во разумен рок:
- вкупно се решени **588** предмети или 73,4 %, од кои
- **410** предмети или 69,70 % во прв степен,
  **178** предмети или 30,30 % во втор степен.
- Од вкупно решени **588** предмети во 2015 година:
  I. Во **291** предмети или 50,85 % , барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е одбиено како неосновано, од кои
- **156** предмети или 53,6% во прв степен и
- **135** предмети или 46,4 % во втор степен,

II. Во **238** предмети или 40,5 %, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е усвоено, од кои,

- **203** предмети или 85,3 % во прв степен и
- **35** предмети или 14,7% во втор степен.

III. Во **59** предмети или 10 %, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е отфрлено, од кои

- **51** предмети или 86,5% во прв степен и
- **8** предмети или 13,5 % во втор степен.

Во извештајната 2015 година останале нешешени вкупно **213** предмети или 26,6 % , од кои

- **202** предмети или 94,8 % во прв степен и
- **11** предмети или 5,2 % во втор степен.

## III. ОБЕМ НА РАБОТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на 2015 година, во Одделот за судење во разумен рок вкупно во работа пред првостепениот совет имало **612** предмети, од кои:

- Вкупно **173** предмети или 28 %, останале нерешени од 2014 година, од кои
- **82** предмети од граѓанска материја или 47,3 %,
- **70** предмети од управна материја или 40,4% и
- **21** предмети од кривична материја или 12,1%.
- Во 2015 година вкупно се примени нови **439** предмети или 71,7 %, од кои
- **252** од граѓанска материја или 57,4%;
- **128** предмети од управна материја или 29,1% и
- **59** предмети од кривична материја или 13,4 %.
- Во 2015 година од вкупниот број од **612** предмети во работа
- **334** предмети од граѓанската материја или 54,5%,
- **198** предмети од управна материја или 32,3% и
- **80** предмети од кривична материја или 13,2%.
- Во 2015 година вкупно се решени **410** предмети или 67 %, од кои:
- **235** предмети се од граѓанска материја или 57,3 %,
- **124** предмети се од управна материја или 32,2%, и
- **51** предмети се од кривична материја или 12,5%.
- Од вкупно **202** незавршени предмети на крајот на 2015 година или 33%, од кои:
- **99** предмети од граѓанската материја или 49%,
- **74** предмети од управна материја или 46,63%
- **29** предмети од кривична материја или 14,35%,

## IV. ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Од вкупно **410** решени предмети или 67%, од вкупно 612 предмети:

- **203** предмети се решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е усвоено, односно 49,5 %, од кои:
  - **90** предмети од граѓанската материја, или 44,3%,
  - **89** предмет од управна материја или 43,8%,
  - **24** предмет од кривична материја или 11,8%,
- **156** предмети се решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е одбиено како неосновано, односно 38% од кои:
  - **110** предмети од граѓанската материја или 70,5 %,
  - **19** предмети од кривична материја или 12,1%,
  - **27** предмети од управна материја или 17,3%,

- **51** предмети се решени на начин што барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е отфрлено односно 12,4%, од кои:
  - **35** предмети од граѓанската материја или 68,6%,
  - **8** предмети од кривична материја или 15,6%,
  - **8** предмети од управна материја или 15,6%,

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период покажуваат дека за разлика од претходните години преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок со 49,5%.

## V. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТОТ ПО БАРАЊАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Од вкупно во работа 612 предмети во прв степен решени се 410 предмети, во кои времетраењето на постапување на првостепениот совет на Врховниот суд на Република Македонија по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените 410 предмети

- во период **до 1 месец** решени се вкупно **9** предмети или 2,2%, од кои:
  - **6** предмети од граѓанската материја или 66,6%,
  - **3** предмети од кривична материја или 33,3 %,
- во период **од 1 до 2 месеци** решени се вкупно **100** предмет или 24,4%, од кои:
  - **59** предмет се од граѓанската материја или 59%,
  - **24** предмети се од управната материја или 24%,
  - **17** предмети од кривичната материја или 17%,
- во период **од 2 до 3 месеци** решени се вкупно **79** предмети или 19,2%, од кои:
  - **52** предмети се од граѓанската материја или 65,8%,
  - **17** предмети се од управната материја или 21,5%,
  - **10** предмети од кривичната материја или 12,6 %,,
- во период **од 3 до 6 месеци,** решени се вкупно **116** предмети или 28,30%, од кои:
  - **71** предмети се од граѓанската материја или 61,20%,
  - **35** предмети од управната материја или 30,1%,
  - **10** предмети од кривичната материјаили 8,62%,.
- за период **подолг од 6 месеци**, решени се **106** предмети или 25.85%, од кои:
  - **47** предмети се од граѓанската материја или 44,33%,
  - **48** предмети од управната материја или 45,28%,
  - **11** предмети од кривичната материја или 10,37%,

- Останати за работа во 2016 се вкупно **202** предмети или 33 %, од кои
  - **99** предмети се од граѓанската материја или 49%,
  - **74** предмети од управната материја или 36,6 %,

- **29** предмети од кривичната материја или 14,3%,

Причина за пречекорување на рокот од 6 месеци како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Македонија е главно недоставувањето на списи на предметите на кои се однесува барањето, а по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок и во тие рамки задоцнето произнесување на судијата- те кои постапувал-ле по предметот, за редоследот на превземените процесни дејствија.

Во овој контекс, недостасува правно средство со кое Врховниот суд на Република Македонија ќе се наметнува пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од 6 месеци за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досегашните извештајни години – периоди и била предмет на разгледување и пред седниците на одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Имено, со законската рамка од 6 (шест) месеци и несоздавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно да се воведат механизми за решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Врховниот суд на Република Македонија, па дури и да се доведе во прашање и ефикасноста на правното средство.

Фактите кои го детерминираат овој проблем, односно неможноста Врховниот суд на Република Македонија во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од 6 (шест) месеци за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекс на конзистентност на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд.

Во тој контекст останува и овој пат да се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел овој суд да може да ги запази роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство.

Исто така, од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Ова, од причина што и податоците од овој вид се од значење за одржување на ефикасноста на правното средство.

## VI. ОБЕМ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ВО ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАДЛЕЖЕН ДА ОДЛУЧУВА ПО ЖАЛБИТЕ ИЗЈАВЕНИ ПРОТИВ РЕШЕНИЈАТА НА ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на 2015 година, пред жалбениот совет вкупно во работа имало 189 предмети, од кои:

- Нерешени од претходниот извештаен период се 18 предмети или 9,5 %,
- Новопримени во извештајната 2015 година се 171 предмети или 90,4%.

## VII. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Во текот на 2015 година вкупно се решени 178 предмети или 94,1%, од кои:

- во 135 предмети или 76% – жалбата е одбиена како неоснована,
- во 35 предмети или 19.6 %, - жалбата е усвоена и
- во 8 предмети или 4,5 % – жалбата е отфрлена,
- 11 предмети или 6 % - останале нерешени.

Анализата на вкупниот број решени предмети во вторестепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со потврдување на првостепеното решение во вкупно 135 предмети односно 76 %.

## VIII. ВРЕМЕ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Времетраењето на постапување на второстепениот совет во Врховниот суд на Република Македонија надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на второстепеното решение на подносителот на барањето.

- Од вкупно во работа 189 предмети, решени се вкупно 178 предмети:

- за период до 1 месец постапката е завршена во 62 предмети или 34,8%,
- за период од 1 до 2 месеци постапката е завршена во 79 предмети или 44,3%,
- за период од 2 до 3 месеци постапката е завршена во 26 предмети или 14,6%,
- за период од 3 до 6 месеци постапката е завршена во 11 предмети или 6%,

Од вкупно 189 предмети, во работа останале 11 предмети.

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува почитување на рокот од 6 месеци, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред ВСРМ е неконзистентен со праксата на ЕСЧП.

**Решени предмети по месеци во Одделот за судење во разумен рок за 2015 година**

- Во месец јануари 2015 година, во одделот вкупно се решени 58 предмети или 9.9%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 47 предмети, од кои
- 25 предмети од управна материја
- 17 предмети од граѓанската материја ,
- 5 предмети од кривична материја.
Во втор степен вкупно се решени 11 предмети.
- Во месец февруари 2015 година, во одделот вкупно се решени 66 предмети или 11.22%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 52 предмети од кои
- 27 предмети од граѓанската материја,
- 15 предмети од управна материја,
- 10 предмети од кривична материја,
Во втор степен вкупно се решени 14 предмети.
- Во месец март 2015 година, во одделот вкупно се решени 75 предмети или 12.7%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 48 предмети, од кои
- 28 предмети од граѓанската материја,
- 18 предмети од управна материја,
- 2 предмети од кривична материја.
Во втор степен вкупно се решени 27 предмети.
- Во месец април 2015 година во одделот вкупно се решени 43 предмети или 7.3%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 33 предмети од кои
- 19 предмети од граѓанската материја ,
- 10 предмети од управна материја ,
- 4 предмети од кривична материја ,
Во втор степен вкупно се решени 10 предмети или 23.25 %.
- Во месец мај 2015 година во одделот вкупно се решени 67 предмети или 11.40%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 44 предмети ,
- од кои 30 предмети од граѓанската материја,
- 5 предмети од кривична материја,
- 9 предмети од управна материја,
Во втор степен вкупно се решени 23 предмети.
- Во месец јуни 2015 година во одделот вкупно се решени 53 предмети или 9.01%, од кои
Во прв степен вкупно се решени 31 предмети, од кои

-19 предмети од граѓанската материја,
-6 предмети од кривична материја,
-6 предмети од управна материја ,
Во втор степен вкупно се решени 22 предмети.

- Во месец јули 2015 година во одделот вкупно се решени 20 предмети или 3.40%, од кои

Во прв степен вкупно се решени 16 предмети, од кои
-11 предмети од граѓанската материја,
-2 предмети од кривична материја,
-3 предмети од управна материја,
Во втор степен вкупно се решени 4 предмети.

- Во месец август 2015 година во одделот вкупно се решени 11 предмети во втор степен од вкупниот број предмети или 100%.
- Во месец септември 2015 година во одделот вкупно се решени 48 предмети или 8.16%, од кои

Во прв степен вкупно се решени 39 предмети, од кои
-27 предмети од граѓанската материја ,
-4 предмети од кривична материја,
-8 предмети од управна материја ,
Во втор степен вкупно се решени 9 предмети.

- Во месец октомври 2015 година во одделот вкупно се решени 75 предмети или 12.75%, од кои

Во прв степен вкупно се решени 54 предмети, од кои
-29 предмети од граѓанската материја,
-6 предмети од кривична материја,
-19 предмети од управна материја,
Во втор степен вкупно се решени 21 предмети.

- Во месец ноември 2015 година во одделот вкупно се решени 26 предмети или 4.42 %, од кои

Во прв степен вкупно се решени 10 предмети, од кои
-7 предмети од граѓанската материја,
- 3 предмети од управна материја,
Во втор степен вкупно се решени 16 предмети.

- Во месец декември 2015 година во одделот вкупно се решени 46 предмети или 7,82%, од кои

Во прв степен вкупно се решени 36 предмети, од кои
- 21 предмети од граѓанската материја,
- 7 предмети од кривична материја,
- 8 предмети од управна материја ,
Во втор степен вкупно се решени 10 предмети.

**ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК**

Од вкупно решените 410 предмети во прв степен и 178 предмети во втор степен во жалбената постапка или вкупно 588 предмети по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во 2015 година, максималиот износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок е 100.000,00 денари, додека најнискиот досуден износ е 6.000,00 денари.

Од вкупно решени 588 предмети по кои е одлучувано во 2015 година и е донесена правосилна одлука со определен надоместок за утврдена повреда на

правото на судење во разумен рок, во прв степен досуден е правичен надоместок во вкупен износ од 5.775.200,00 денари, а во втор степен износ од 568.900,00 денари или вкупен износ во двата степена на одлучување од 6.344.100,00 денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци во постапката по повод поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

## 4.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СОВЕТ

### 4.4.1 Барања за заштита на основните права и слободи по жалба – УСПИ-Ж

Во **2015** година новопримени се вкупно **13** предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи, од кои **10** се решени, а останале нерешени **3** предмети.

#### 4.4.1.1 Траење на постапката

Од вкупно решените **10 УСПИ-Ж предмети:**

- **1** предмет бил решен **до 1 месец,**
- **2** предмети биле решени **до 2 месеци**
- **1** предмет бил решен **до 3 месеца**
- **3** предмета биле решени **до 6 месеци и**
- **3** предмета биле решени **над 6 месеци**

#### 4.4.1.2 Начин на одлучување

Од вкупно одлучените **10** предмети по жалба на барања за заштита на основните права и слободи **- УСПИ-Ж**, **7** жалби биле одбиени, **2** жалби отфрлени, а е уважена **1** жалба.

***

Во **2015** година имало вкупно во работа **3** барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и сите се решени.

Сите судии на Општата седница одлучувале по барања за заштита на законитоста во управната постапка – **УЗЗ** и од вкупно одлучените **3** предмети– **УЗЗ**, **1 барање е одбиено, 1 е отфрлено и 1 е уважено**.

## 4.5. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2015 година** во однос на остварувањето на основната цел, насоките и

приоритетите во воедначување и следење на судската практика во Република Македонија **изготви План и Програма за работа за 2015 година**.

Во реализација на планот и програмата, Одделот во текот на 2015 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта на единствена примена на законите во Република Македонија, учествуваше во подготовка на нацрт начелните ставови и начелни правни мислења и ги евидентираше истите, изврши селекција, евидентција и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области, по доставени известувања и ex officio, изврши проверка дали определени одлуки се во согласност со правните стојалишта изразени во некоја поранешна или истовремена одлука и ја следеше и ја проучуваше судската пракса на пониските судови и на Врховниот суд на Република Македонија.

**I.** Одделот за судска практика во текот на 2015 година **континуирано учествуваше во имплементација на проектите кои се однесуваат на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судската практика: USAID Проект за јакнење на судството и Проект „ИПА 2010“ (финансиран од Европската Унија)** – Понатамошна подршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и подобрување на пробациска служба и алтернативните мерки, како и надградбата на WEB страната која се очекува да биде овозможена преку проектот Web Content Management – EAR Supply of equipment for the judiciary institutions, односно дизајнирање на модерно решение за веб портал, чиј изведувач е Едусофт Скопје и Ултра доо Скопје. Покрај во наведените проекти, Одделот за судска практика во 2015 година активно **учествуваше во проектот „Поддршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“** - организиран од Центарот за правни истражувања и анализи преку Амбасадата на Велика Британија, кое учество продолжува и во наредниот период.

**1**.Во рамки на проектот за јакнење на судството, а со поддршка од USAID, Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје и Здружението на судии на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија преку Одделот за судска практика **спроведе шест дводневни обуки за практична примена на Законот за парничната постапка за сите граѓански судии во Републиката,** во кои како обучувачи учествуваа пет судии на Врховниот суд на Република Македонија,

Темите за оваа обука беа утврдени врз основа на поставените правни прашања и доставени материјали разгледани на заедничката средба на судии од Врховниот суд на Република Македонија и Апелационите судови во Република Македонија, одржана на 17 и 18 ноември 2014 година и гласеа: Доставување на писмена; Утврдување на вредноста на спорот; Докази и изведување на докази; Трошоци на постапката; Ревизијата како вонреден правен лек во смисла на член 372 став 3 точка 6 и член 372 став 4 од Законот за парничната постапка и Постапка по приговор на решение на нотар со кое се дозволува извршување.

По завршување на обуките, прифатените правни мислења и заклучоци на Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на РМ беа доставени до сите апелациони судови во Република Македонија и преку Одделот за судската практика објавени на web страната на Врховниот суд.

**2.**По однос на **„ИПА 2010 Проектот“**, Одделот за судска практика на носителот на проектот достави укажувања во писмена форма за потребите на Одделот за судска практика при Врховниот суд на Република Македонија во спроведување на активноста 1.3.4 од Проектот - Развивање на систем за

стратешко планирање на Врховниот суд на Република Македонија и постигнување на резултати за подобрена методологија на стратешко планирање. Во рамките на овој проект во Врховниот суд на Република Македонија во организација на Одделот за судска практика се одржа **советување – тркалезна маса на тема „Поголема транспарентност на судсвото и воедначување на судската пракса преку јавност на судските одлуки и називите на пресудите“.**

**II.**Во врска со обезбедување на **хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика,** односно остварување на основната цел – **обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите,** Одделот за судска практика во текот на 2015 година ги следеше општите правни сваќања и општите стојалишта за осигурување на единствена примена на законот, ја следеше примената на Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на република Македонија, практиката на Европскиот суд за човекови права, колективните договори и другите подзаконски акти и нивните измени и дополнувања во одлуките на судовите.

**III.**Во рамките на своето редовно работење, Одделот за судска практика и во текот на 2015 година **учествуваше во подготовка на предлог (нацрт) начелни ставови и начелни правни мислења на Општата седница** на Врховниот суд на Република Македонија, правни мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенци на советите како и евидентирање на начелните ставови и начелните правни мислања од општата седница, правните мислења и сентенци прифатени на седница на одделите, на заедничките седници на оддели или на седница на судии и **нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика;**

**IV.**Одделот за судска практика во текот на 2015 година изврши **селектирање, евидентирање и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области за нивно објавување на WEB страната** на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика. Исто така, во 2015 година, со присутво на судење во советите се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Македонија и заради воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика како и во АКМИС програмата преку писарниците и ИТ центарот на Врховниот суд на Република Македонија.

**V.** Во овој Оддел во текот на 2015 година, по укажување од пониските судови за тоа дали одредена одлука е во согласност со правното стојалиште изразено во некоја поранешна или истовремена одлука, изврши проверка на повеќе одлуки на Врховниот суд на Република Македонија, по што на седница на Одделот на судската практика **се донесе заклучок со кој е констатирано отстапување од судската практика во одлуката на Врховниот суд на Република Македонија Рев2.бр.484/14 од 19.02.2015 година, кој заклучок е објавен на web страната на судот.**

**VI.**Одделот за судска практика во текот на 2015 година исто така **ја следеше и проучуваше судската практика на пониските судови, преку бројни доставени одлуки по одредени правни прашања.** За дел од овие, доставени се известувања до судовите, а дел се обработени со реферати за разгледување на соодветниот оддел во судот во зависност од областа на која истите се однесуваат.

**VII.**Во текот на 2015 година Одделот **постапуваше по вкупно 29 барања од субјекти кои се однесуваат на разлики во примена на законите, воедначување на судската практика, како и барања од Министерството за**

**правда – Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП, а во врска со судската практика и предметите кои против Република Македонија се водат во ЕСЧП во Стразбур.**

## 5. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2015** година има одржано **8 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2014 година.
- На проширена општа седница во еден ден се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2014 година.
- На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2014 година.
- Претседателот на судот прибави мислење од Општата седница во врска со Распоредот за работа на судиите во Врховниот суд на РМ за 2014 година.
- Формиран е Совет за одлучување по 1 (една) жалба, изјавена против решение за разрешување на судија, донесено од Судскиот совет на Република Македонија.
- Општата седница расправаше и одлучи по 1 (едно) Барање за заштита на законитоста од Јавниот обвинител, кое е одбиено и 2 барања од друг подносител., кои се отфрлени како недозволени.
- Општата седница одлучи по 1 (еден) приговор на судија против одлука за распоред за работа на Претседател на суд.
- Општата седница расправаше по рефератот по правното прашање **Расправа во врска со предметот Рев2.бр.563/2014 кое гласи: - "Доколку по донесувањето на пресудата од страна на Врховниот суд на Република Македонија, со која пресуда се преиначени првостепената и второстепената пресуда на пониските судови, на штета на тужителот, странката – тужителот по донесувањето на пресудата, се стекне со писмено известување од страна на надлежен орган и врз база на тоа известување како нов факт, односно нов доказ, поднесе предлог за повторувње на постапката кој што се однесува исклучиво на постапката пред Врховен суд на Република Македонија, дали може да се дозволи повторување на постапка пред Врховен суд на Република Македонија, согласно член 392 став 1 точка 9 од Законот за парничната постапка"**.

Предложеното начелно правно мислење – "Доколку по донесувањето на пресуда од страна на Врховниот суд на Република Македонија, а со која пресуда се преиначени првостепената и второстепената пресуда на пониските судови на штета на тужителот, странката - тужителот узнае за нови факти на начин што се стекне со писмено известување од страна на надлежен орган и врз база на тоа известување поднесе предлог за повторување на постапката кој што се однесува исклучиво на постапката пред Врховен суд на Република Македонија, а со кое известување не се менува утврдената фактичка состојба од страна на пониските судови, во тој случај може да се дозволи повторување на постапка пред Врховен

суд на Република Македонија согласно член 392 став 1 точка 9 од Законот за парничната постапка", не го доби потребното мнозинство.

- Општата седница расправаше по правно прашање **Расправа во врска со предметот Рев2.бр.163/14 "Дали при делумен успех во парницата, ако тужениот го оспорил основот и висината на тужбеното барање, односно ако тужителот делумно успее во парницата, судот треба со оглед на постигнатиот успех на спорот да и надомести на другата страна или на замешувачот сразмерен дел од трошоците".**

Предложеното начелно правно мислење – "Доколку странката делумно успее во парницата, зависно од постигнатиот успех на спорот, судот на странката ќе треба да и надомести сразмерен дел од трошоците согласно постигнатиот успех во спорот", не го доби потребното мнозинство.

- Општата седница расправаше по Предлогот до Судски совет на Република Македонија за времено упатување на двајца судии во Основниот суд Скопје II Скопје.

- Општата седница го разгледуваше предлог текстот на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија изработен од Работната група формирана по предлог на Општата седница од 14.05.2013 година.

- Мислење по однос на бројот на потребните судиски места по судови во Република Македонија.

- Номинирање двајца членови и нивни заменици за Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.

- Општата седница расправаше по правното прашање: „Дали во случаите кога се исполнети условите за враќање на одземените предмети, таквата одлука треба да ја донесе судот или прекршочниот орган" и го усвои следниот заклучок кој е објавен на web страната на судот:

**З А К Л У Ч О К**

**За враќање на одземените ствари, предмет на прекршокот, надлежен за одлучување е судот односно прекршочниот орган пред кој се води постапката.**

## 6. ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Врховниот суд на Република Македонија, на Денот на правосудството а по повод одбележувањето на 70 годишниот јубилеј од конституирањето на Врховниот суд на Република Македонија, на 31 март 2015 година одржа свеченост на која ја промовираше Збирката на судски одлуки на Врховниот суд на Република Македонија за периодот 2004-2014. Воедно на свечениот настан се промовираше Кодексот на судска етика на судиите во Република Македонија, донесен од Собранието на Здружението на судиите.

Во рамки на активностите организирани по повод 70 годишнината од основањето на Врховниот суд на Република Македонија, на ден 29.10.2015 година се одржа Свечена академија во Врховниот суд на Република Македонија и Регионална конференција на тема „Судската пракса на Врховниот суд и Европскиот суд за човекови права како неопходен предуслов за обезбедување на

правната сигурност на граѓаните“, на која учествуваа Претседатели и судии на Врховните судови на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Хрватска и Црна Гора.

**Меѓународни посети на Претседателот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија:**

- На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на 30.01.2015 година присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права и семинарот организиран по тој повод на тема “Принципот на супсидијарноста”.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на 06-07 март, 2015 година во Белград, Србија, учествуваше на Вториот регионален форум за владеење на правото во Југоисточна Европа, посветен на промовирање имплементација на Европската конвенција за човековите права и поттикнување на регионалната соработка преку континуирано развивање на владеењето на правото и човековите права, како и за унапредување на процесот на интеграција на регионот во Европската Унија, во организација на АИРЕ Центарот и Бранители на човековите права.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, на покана на Амбасадата на Белика Британија во соработка со Министерството за правда на Република Македонија, во периодот од 09 - 12 март 2015 година, престојуваше во работна посета во Лондон, Велика Британија, на тема „Судска пракса“.
- Делегација на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Регионална конференција одржана на 12 и 13 март 2015 година, во Загреб, на тема „Ефективната употреба на националните правни лекови во домашните судски постапки и супсидијарната улога на Европскиот суд за човекови права“. Конференцијата беше во организација на Одделот за поддршка на националната имплементација на човековите права при Советот на Европа.
- На покана на Претседателот на Врховниот суд на Република Хрватска, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на семинар на тема „Новини во казненото законодавство“, организиран од страна на Врховниот суд на Република Хрватска, одржан на 07 и 08 мај 2015 година, во Опатија, Хрватска.
- Во периодот од 27-28 мај 2015 година, на покана на Единицата за соработка и економски криминал на Генералниот Директорат за човекови права и владеење на првото, при Советот на Европа, судија на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на Регионална конференција на тема „Откривање и истрага на корупција и измами преку процедури на ревизија„ која беше одржана во Тирана, Албанија.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, во периодот од 11-ти до 14-ти октомври 2015 година во Бриони, Хрватска, учествуваше на Конференција на Претседатели на Врховни судови на Централна и Источна Европа, организирана од страна на Врховниот суд на Република Хрватска со подршка на Институтот ЦЕЕЛИ, на која Претседателите на Врховните судови потпишаа „Изјава за начела за независност на судството“ како исклучително важен документ за независноста на судството.
- Делегација на Врховниот суд на Република Македонија од 14-17 октомври, 2015 година, на покана на Врховниот суд на Република Србија присуствуваа на Традиционалното годишно советување на судиите на Република Србија.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, на 19 ноември 2015 година во Белград, Србија, учествуваше на Регионална конференција на

тема „Воедначување на судската пракса-искуства од регионот“ организирана од страна на Врховниот касационен суд на Република Србија во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Србија.

**Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:**

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на 22.01.2015 година, оствари средба со претставници на Генералниот Директорат за човекови права и владеење на правото на Советот на Европа, на која се разговараше за примената на Европската конвенција за заштита на човекови права во националното законодавство.
- Председателот на Врховниот суд на Република Македонија на 22.01.2015 година одржа почетен состанок со претставници на проектот ИПА 2010, Проект за „Понатамошна поддршка на независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки“ кој е предвиден во рамки на Инструментот за претпристапна помош, а со цел јакнење на капацитетите на судството.
- По барање на Канцеларијата на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, Делегација на Европската Унија составена од тим експерти именувани од Европската Комисија во Брисел, на ден 05.05.2015 година, оствари посета на Врховниот суд на Република Македонија.
- На ден 19.05.2015 година, по барање на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, оствари протоколарна средба со Н.Е. Амбасадорот на Соединетите Американски Држави.
- Претставници на Комисија за меѓународна нотарска соработка на Меѓународна нотарска унија остварија посета на Врховниот суд на Република Македонија на ден 20.05.2015 година.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ден 02.06.2015 година оствари работна средба со Директорот на Правната канцеларија на ИНЛ при Амбасадата на САД во Република Македонија и претставници на тимот за оценка на владеење на правото од ИНЛ во Вашингтон.
- На ден 14.07.2015 година во просториите на Врховниот суд на Република Македонија посета оствари Делегација на експерти од Велика Британија, во рамките на проектот „Подршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“ имплементиран од страна на Центарот за правни истражувања и анализи со подршка на Британската Амбасада.
- По барање на Амбасадата на Република Турција на ден 04.08.2015 година, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонијао ствари средба од протоколарен карактер со Делегација на Советодавно тело на Република Турција, на која се разговараше за судската соработка на Република Турција и Република Македонија.
- На ден 31.08.2015 година во просториите на Врховниот суд на Република Македонија посета оствари правен експерт од Данска, во рамките на проектот „Подршка за воспоставување на унифицирана судска пракса во македонскиот правен систем“ имплементиран од страна на Центарот за правни истражувања и анализи со подршка на Британската Амбасада.
- На ден 29.09.2015 година во Врховниот суд на Република Македонија, се одржа тркалезна маса на тема: „Поголема транспарентност на судството и воедначување на судската пракса преку јавност на судските одлуки и називите на пресудите“, организирана во рамки на проектот ИПА 2010 за Понатамошна

подршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки.

- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на ден 20.10.2015 година, оствари средба со претставниците на Турскатата агенција за соработка и координација -ТИКА.
- Амбасадорот на Делегација на Европската унија во Република Македонија на 11.11.2015 година, официјално го предаде Извештајот за напредокот на РМ кон Европската унија, на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, како претставник на судската власт во Република Македонија.
- Во рамки на посетата на Република Македонија, по повод побарано мислење за законската регулатива во Република Македонија, делегација на Венецијанската комисија оствари средба со Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, на ден 12.11.2015 година.
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, на ден 12.11.2015 година оствари средба со претставници на Мисијата на ИПА Проектот за примената на Кодексот на судска етика на судиите во Република Македонија донесен од страна на Здружението на судиите на Република Македонија.

**Објавени соопштенија за јавност.**

Врховниот суд на Република Македонија на WEB страната www.vsrm.mk во делот „соопштенија за јавност“ тековно објавува соопштенија за јавноста за одржани работни посети на Врховниот суд, работни средби и состаноци со Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, како и известувања за учество на Претседателот и судиите на ВСРМ на меѓународни и регионални конференции, самити, семинари, предавања и обуки.

## 7. РАБОТНО ТЕЛО ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА ПОСТАПКИТЕ ВО СУДОВИТЕ

Работното тело за стандардизација на постапките во судовите кое функционира во Врховниот суд на Република Македонија одговара за својата работа на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. Со Работното тело за стандардизација на постапките во судовите претседава судија на Врховниот суд на Република Македонија, а координатор е судски службеник на Врховниот суд на Република Македонија. Во 2015 година Работното тело има одржано 4 седници на кои се земени во работа и решени 38 барања, поднесени од страна на судовите и други овластени лица.

## 8. СОВЕТ ЗА СУДСКА СЛУЖБА

Советот за судска служба, до 14.02.2015 година своите надлежности ги извршувал согласно Законот за судска служба („Сл.весник на РМ” бр. 98/08, 150/10), а од 14.02.2015 година согласно Законот за судска служба („Сл.весник на РМ” бр. 43/14), како и Деловникот за работа на Советот за судска служба.

Со континуирана ефикасна работа во текот на годината постигнати се добри резултати во решавање на предметите и другите активности. Со тоа, даден е значаен придонес за остварување на основната функција за законито одлучување и обезбедување единство во примена на законите во однос на статусот на судската администрација од страна на судовите, како и во други активности.

Во почетокот на 2015 година Советот за судска служба го даде Мислење-Согласност на Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во судовите, согласно Законот за судска служба („Сл.бесник на РМ” бр. 43/14).

**Обем на работа**

Во текот на 2015 година во Советот за судска служба примени се 144 писмена по разни основи и по сите е постапено согласно закон и во законски предвидените рокови и одржани се 17 седници.

**1.Постапка по жалба**

Во текот на 2015 година до Советот се поднесени 110 жалби од судски службеници и други лица, од кои:

-5 жалби се поднесени против решение за казна за сторена дисциплинска повреда;

-23 жалби се поднесени против одлука за избор на кандидат по објавен јавен оглас;

-8 жалби се поднесени против решение за престанок на работен однос со навршување на 64 години старост;

-6 жалби се поднесени против решенија за остварување на право од работен однос.

Сите жалби се решени во тековната година, во законски предвидените рокови.

**2. Постапка за согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.**

Советот за судска служба во извештајната година постапувал по 34 барања за согласност за Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работни места во судовите и по 12 барања за сосогласност на Правилник за

изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Членовите на Советот за судска служба во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации. Исто така членовите на Советот учествуваа во 22 Комисии за вработување на судски службеници во судовите како членови и заменици членови.

Во текот на 2015 година Советот постапувал и по 34 предмети/барања по други основи.

Во 2015 година траењето на постапката по предметите биле согласно законски предвидените рокови.

## 9. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во Центарот за информатика на Врховниот суд на Република Македонија сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на ВСРМ и дел за судовите на РМ и ССРМ. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн. кои се наменети за непречена работа на сите судови на РМ. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика на ВСРМ.

Во Врховниот суд на Република Македонија во функција се следниве кориснички апликации со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

- Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).
- Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).
- Апликација за објавување на судската пракса на Врховниот суд на РМ и одлуки на апелационите судови на Web страна.
- Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Врховниот суд на РМ.
- Систем за електронска пошта
- Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РМ.
- Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РМ
- Сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар на РМ, наменет за сите судови на РМ

IT инженерите вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ во текот на 2015 година ги реализираа следните активности:

- Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација, учество и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови во РМ и Судски совет на РМ од областа на ІКТ како што следи:
    - Хостирање на Web страните и е-маил сандачињата на сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Одржување и годишна софтвер претплата на централизираниот систем за заштита на базите на податоци во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Обнова на лиценци за интегриран софтверски пакет за целосна антивирусна и антиспам заштита на ІКТ опремата во сите судови на РМ и Судски совет на РМ
    - Потрошен материјал, тонери, траки, хартија, канцелариски материјали и сл за потребите на Врховен суд на РМ.

- Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за ВСРМ и дел за сите судови на РМ, во сите нивни фази на примена:
    - Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување
    - Согледување на евентуални потреби од надгрдба и подобрувања
    - Доделување на соодветни кориснички права и привилегии
    - Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош
    - Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

- Учество во активностите за преземање на базата за казнена евиденција од Министерството за внатрешни работи во надлежност на судовите на РМ согласно законската регулатива.

- Учество во воспоставување на безбедносна комуникација помеѓу Врховниот суд на РМ и Централен регистар на РМ со цел размена на потребните податоци за стечајни управници

- Учество во реализација на хардверско-софтверска инсталација и конфигурација на новата опрема набавена во рамките на ИПА 2010 проектот финансиран од Европска унија за да се овозможи високо достапен, лесно надградлив, стабилен и безбеден “Систем за електронска достава на судски документи“ како и припрема за реализација на новиот судски портал со нови Web страни за сите судови на РМ и Судски совет на

РМ следејќи ги моменталните технологии за Web презентација и колаборација:

- Учество во Работна група предводена од Министерство за правда со цел изработка на ИКТ стратегија за реформа на македонскиот правосуден сектор.

- Учество на работни состаноци и реализирани средби со странски експерти во организација на Секторот за ЕУ за констатирање на моменталната состојба и потребите на судовите на РМ кои се планира да се реализираат во рамките на идните ИПА проекти финансирани од Европска унија.

- Учество во Работна група предводена од Министерство за информатичко општество и администрација за изработка на Македонски стандарди за квалитет на податоци.

- Изготвување на работни процедури од областа на ИКТ во рамките на ИСО сертификација на Врховниот суд на РМ.

- Примање на нова ИКТ опрема од страна на донаторот ТИКА, нејзино евидентирање, соодветно конфигурирање и воведување во работа.

- Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови на РМ и ССРМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот IT кадар во судовите на РМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен IT кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ.

- Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Врховниот суд на РМ, а наменети се за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.

- Секојдневно извршување и контролирање на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд на РМ и дел за сите судови на РМ.

- Секојдневно мониторирање на системските логови за дојава на грешки на сите физички и виртуелни сервери сместени во Центарот за информатика на Врховен суд на РМ со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.

- Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.

- Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.

- Соработка и координација на Центарот за информатика на ВСРМ со одделенијата за информатика на судовите во РМ и ССРМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со

централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.

- Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на IT (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.

- Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на IT инженерите од Центарот за информатика на ВСРМ и сл.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови на територија на РМ и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 5 (пет) IT инженери вработени во Центарот за информатика при ВСРМ.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## 10. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

Врховниот суд на Република Македонија во извештајната 2015 година функционирал со само 18 до 20 судии, вклучително и Претседателот на судот, од причина што во периодот од 2014/2015 година пензионирани се 4 судии и тие места не се пополнети, вклучително и двете судиски места кои мируваат за членот на Судски совет на Република Македонија и судијата на Уставниот суд, како и долгото отсуство на еден судија од здравствени причини.

Ваквата состојба со значително намалениот судиски состав во подолг временски период, во однос на уставната и законските надлежности на Врховниот суд на Република Македонија, има големо влијание на ефикасноста на Врховниот суд на Република македонија.

И покрај вложените напори за обезбедување ефикасно постапување и организациските мерки со Распоредот за работа со кој судиите учествувале во повеќе совети и материи, сепак судот не го совлада приливот за 61 предмет.

За да се обезбедат услови за непречено и ефикасно работење на Врховниот суд на Република Македонија неопходно е да се бара итно пополнување на упразнетите судиски места.

Врховниот суд на Република Македонија согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија.

Со оглед на улогата и значењето на судската администрација во Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за подобрување на статусот на судските службеници со подобрување на законските решенија преку обезбедување на можности за напредување и наградување.

Да се продолжи со активноста за добивање на документ за предавање на зградата на користење на Врховниот суд на Република Македонија од страна на Министерството за правда, бидејќи истото претставува пречка за решавање на проблемот со фасадата на Врховниот суд на Република Македонија, што ја загрозува безбедноста на вработените и странките, а за што во континуитет се известуваат надлежните институции.

**ВРХОВЕН СУД**

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТА СЕДНИЦА**